**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**Бр. 16-854/3**
**12.03.2015 година**
**С к о п ј е**

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014 и 33/2015), донесоа

## З А К Л У Ч О К

Постапката поведена по иницијатива број 16-854/1 од 29.01.2015 година,за вршење на вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, се запира.

## О б р а з л о ж е н и е

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 23.03.2015 година извршија вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје – Одделение за остварување на правата од областа на социјалната и детската заштита – подрачје Кисела Вода. При инспекцискиот надзор извршен е увид во предметот на корисникот на правото на социјална парична помош Б.П. од _____, по поднесена иницијатива број 16-854/1 од 29.01.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014 и 33/2015), подзаконските,општите, поединечните и другите акти донесени врз негова основа.

При вонредниот инспекциски надзор на записник број 16-854/2 од 24.03.2015 година се констатира дека постапката не е правосилно завршена поради што согласно член 41 став 4 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија„ број 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013 и 41/2014), се донесе заклучок како во диспозитивот.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 24.03.2015 година под број 16-854/3.

**Упатство за правно средство:** против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

Инспектори за социјална заштита
Генерален инспектор,Владо Аврамовски
Виш инспектор,Марушка Ѓеоргиева
Инспектор,Зорица Цветковска